РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2495/1
23-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-тата седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2291/1 од 25.08.2025 година, со наводи за изнуда на парични средства од страна на службени лица - вработени на граничен премин и полициски службеници, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 12-2291/1 од 25.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 25.08.2025 година, поднесена е пријава со наводи за изнуда на парични средства од страна на службени лица - вработени на граничен премин и полициски службеници и оформен е предмет број 12-2291/1 од 25.08.2025 година.

Во пријавата подносителот укажува на непрофесионален однос на неименувани службени лица за кои наведува дека ноќта помеѓу /// и /// /// 2025 година, при преминување преку граничен премин близу ///, се обиделе од него да изнудат парични средства.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Дополнително, подносителот пријавува непрофесионален однос на полициски службеници при контрола близу граничен премин со Република ///, при која бил лажно обвинет за пречекорување на дозволената брзина, при што, со обид за изнуда на парични средства, му биле одземени возачката и сообраќајната дозвола.
Подносителот на пријавата опишаните инциденти ги квалификува како пример за корупција и злоупотреба на моќ, укажувајќи дека кај него и кај неговото семејство предизвикале страв и дека ја нарушиле репутацијата на Република Северна Македонија.
По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК